ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
бр. 32 - 243/2
16.02 2026 год
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Рурална Коалиција поднесено на 13.02.2026 година, имателот на информацијата Општина Кривогаштани го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од Рурална Коалиција, поднесено до Општина Кривогаштани, заведено под број 32-243/1 од 16.02.2026 **СЕ УВАЖУВА**.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Општина Кривогаштани, беше доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации Рурална Коалиција, заведено во архивата на Општина Кривогаштани под архивски број 32-243/1 од 16.02.2026 година со кое Барателот бара преку електронски запис/е-маил да му биде доставена следната информација од јавен карактер:

1. Во 2025 година, на кој начин Советот при Вашата општина редовно ги информираше граѓаните за својата работа? Ве молиме наведете ги сите користени комуникациски канали. Исто така, во прилог на одговорот дадете линкови од објавите, фотокопии од објавите за информирање на граѓаните и слично.
2. Дали Советот при Вашата општина усвои Програма за работа на Советот за 2026 година?
   - Ако да, Ве молиме наведете линк каде што истата е јавно објавена.
   - Ако не, Ве молиме наведете ги причините за неусвојување истата.
3. Поврзано со јавни консултации или други форми на вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки кои Вашата општина ги има спроведено во 2025 година, Ве молиме наведете:
   - Број на физички јавни консултации или други форми на вклучување на граѓаните во донесување на одлуки;
   - Број на онлајн јавни консултации или други форми на вклучување на граѓаните во донесување на одлуки;
   - Име на онлајн алатки кои се користени при онлајн јавни консултации или други форми на вклучување на граѓаните во донесување на одлуки;
   - Теми на јавните консултации или други форми на вклучување на граѓанте во донесувањето на одлуки.

**Општина Кривогаштани Ви ги доставува следните одговори на вашите поставени прашања:**

1. Седниците на совет се јавни, а додека на веб страната се објавуваат гласниците. https://krivogastani.gov.mk/?p=2128

2. Советот нема Програма за работа.

3. На веб страната имаше повик да се вклучат во креирањето на буџетот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**По овластување на Градоначалникот**
**на Општина Кривогаштани**
**Службено лице за посредување со информации**
**од јавен карактер**
**Христина Стомнароска**